РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1629/1
28-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2918/1 од 12.11.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање во врска со стечајна постапка на Друштвото за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ------------------------------------------------ ДОО с.------------------------------------- и продажба на истиот, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што пријавените наводи не се предмет на нејзино постапување и за истите постапил друг надлежен орган.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Судскиот Совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2918/1 од 12.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет со број 12-2918/1 од 12.11.2024 година, оформен по пријава поднесена од страна на Здружението на ------------ „-----------------“ -------------------------, во која се изнесени наводи за сомневање за продажба на имотот на Друштвото за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ----------- -------------------- ДОО с.----------------------------во стечај, во стечајна постапка водена пред Основниот суд Кавадарци.

Подносителите во пријавата наведуваат дека на ден 02.02.2024 година Основниот суд Кавадарци донел Решение со СТ бр.---/--- за отворање на стечајна постапка над имотот на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Друштвото за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ---------------------------------- ДОО с.------------------------------ и продажба на истиот за многу ниска цена и нереална со пазарната цена, што оневозможува еднакво намирување на сите побарувања на стечајните доверители.
Подносителот во пријавата наведува дека околу 80 транспортни фирми кои се членови на горенаведеното здружение, со околу 200 вработени лица кои вршеа транспорт за --------------------------------- ДОО с.----------------------------, воопшто нема да можат да си го намират своето побарување од стечајната маса на ова друштво кое е продадено со многу ниска цена. Според подносителите поради нередовно плаќање на транспортните услуги на транспортерите од ------------------------------ ДОО, транспортерите биле принудени за извршениот превоз да си го платат горивото од своите сопствени средства на правното лице ----------------------------------- -------------------------, по налог на -------------------------------- ДОО, кое што согласно склучените договори за цесии била обврска на ---------------------------------- ДОО. Правното лице ------------------------------ ----------------- во фактурите за испорачано гориво, освен ------------------------------- ДОО, ги задолжило и транспортните друштва.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што пријавените наводи не се предмет на нејзино постапување, за истите постапува друг надлежен орган-Судскиот Совет на РСМ.
Постапувајќи согласно член 36 став 1 алинеа 5 од Законот за Судскиот Совет на РСМ („Службен Весник на РСМ“ бр.102/2019), кој гласи:
*“(1) Советот е надлежен да:*
*-постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.....”,* ДКСК одлучи пријавата да ја достави на надлежно постапување до Судскиот Совет на РСМ заради преиспитување на стечајната постапка која е поведена со Решението со СТбр.---/---- и се води пред Основниот суд Кавадарци. ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор